Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Четириесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 10 мај 2022 година**

**Скопје, мај 2022 година**

**З А П И С Н И К**
**од Четириесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 мај 2022 година**

Седницата започна во 12:55 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски, како и првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, д-р Артан Груби.

На седницата присуствуваа Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, доц. д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, доц. д-р Владимир Рендевски, заменик на министерот за здравство, д-р Лулзим Алиу, заменик на министерот за образование и наука и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, како и Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Дрита Абдиу-Халили, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Душко Арсовски и Муамет Хоџа портпароли на Владата на Република Северна Македонија и Сања Томовска, заменик-нотар.

Од седницата отсуствуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, м-р Беким Сали, министер за здравство, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа и м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација.

*

*         *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

- **Усвојување на Записникот од 32-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 март 2022 година**

- **Усвојување на Записникот од 37-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 април 2022 година**

- **Усвојување на Записникот од 39-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 април 2022 година**

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:**

- **Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јануари 2022 година-30 јуни 2022 година**

1. Информација за потребата од обезбедување на времен режим за патниот сообраќај на премините преку железничките пруги на кои треба да се реконструира горниот строј со елементи од рециклирана гума и асфалтирање на патот на делот помеѓу армирано-бетонските рабници и патот

2. Годишна инвестициона програма, со Предлог-одлука, Програма за работа и развој и Финансиски план на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија за 2022 година

3. Годишна сметка за 2021 година и Годишен извештај за работењето за 2021 година на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија, со предлог-одлуки

4. Информација за добивање на согласност за започнување на постапка за јавна набавка на стоки- моторни возила по пат на оперативен лизинг за Оперативно-техничката агенција

5. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор наменет за продажба и Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба.

6. Информација за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната установа-Национален парк Маврово-Маврови Анови, со Предлог-одлука

7. Информација во врска со Договорот за доделување на државна помош склучен помеѓу Владата на Република Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство Џонсон контролс аутомотиве Струмица ДООЕЛ Струмица со бр.13-271/1 од 02.02.2016 година и Анекс договор бр.1 со бр.13-271/2 од 18.08.2016 година, со Предлог-одлука

8. Информација со Предлог-одлука за продажба на движни ствари (патнички моторни возила)

9. Информација за донесување на Програмата за мониторинг за безбедност на храна за животни за 2022 година, со Предлог-програма

10. Годишен финансиски план на Агенцијата за планирање на просторот во 2022 година, со Предлог-одлука

11. Информација во врска со продажба на движни ствари (моторни возила) во сопственост на Република Северна Македонија, чиј корисник е Државниот инспекторат за животна средина на Република Северна Македонија поради неисправност, неупотребливост и застареност, со Предлог-одлука

12. Информација за донесување акти за зголемување на паричен влог на основната главнина на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје, со предлог-одлуки и изјави

13. Финансиски план за 2022 година на Советот за унапредување и надзор на ревизијата, со Предлог-одлука

14. Годишна програма за работа на Советот за унапредување и надзор на ревизијата за 2022 година, со Предлог-одлука

15. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности 03-349/1 (КП 24569 КО Куманово)

16. Предлог-одлука за престанок давање на трајно користење на недвижна ствар на Дирекцијата за заштита и спасување (КП бр.1768/1, КО Кисела Вода 2)

17. Информација за потребата од отстранување на движни ствари кои претставуваат електронски и електричен отпад, со Предлог-одлука

18. Предлог-уредба за начинот на вршење на техничкиот преглед на изведените рударски објекти и висината на трошоците за вршење на техничкиот преглед

19. Информација за потребата од дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2022 година, со Предлог-програма

20. Информација за доставено Барање број 11-1514/1 од 16.2.2022 година за регулирање на долг со воспоставување на нови кредитни услови поради неможност за отплата на доспеаните обврски, поднесено од Општина Ѓорче Петров

21. Информација по Барање за регулирање на долг бр.11-1592/1 од 10.2.2022 година, поднесено од Општина Бутел

22. Информација по Барање за регулирање на долг бр.11-1621/1 од 11 февруари 2022 година, поднесено од Општина Македонски Брод

23. Информација по Барање за регулирање на долг бр.15-2576/1 од 15 март 2022 година, поднесено од Општина Ресен

24. Информација во врска со одземањето на Лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалница издадена на Друштвото за трговија и услуги „Тотал про спорт“ ДООЕЛ Скопје бр.44-12105/1 од 22.12.2020 година и Предлог-одлука за одземање на Лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалница бр.44-12105/1 од 22.12.2020 година

25. Информација за потпишување на парафираниот текст на Договорот за економска соработка помеѓу Република Северна Македонија и Босна и Херцеговина и Договорот за соработка во областа на туризмот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Босна и Херцеговина, со усогласени текстови на договори

26. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Хилтон, Скопје, со Предлог-решение

27. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Вилиџ, Охрид, со Предлог-решение

28. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Бела куќа, Битола, со Предлог-решение

29. Информација во врска со статусот на реализација на договорите за концесија за малите хидроелектрани на локациите бр.407 Пена и бр.104 Габровска Река

30. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Паликура 2“, Општина Неготино

31. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Коџа Дол“, с. Доброшинци Општина Василево

32. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на друг вид на минерална суровина-мермеризиран варовник и дијабаз на Друштвото за градежништво и трговија Градба промет ДОО Кавадарци на локалитетот „Дебриште“, Општина Росоман

33. Информација во врска со Барањето на концесионерот Дис енерџи ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на МХЕЦ Шталковска со реф. бр. 364

34. Информација за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за земјоделство, производство, трговија и услуги Бистрен ДООЕЛ с.Љуботен Штип, со Предлог-одлука

35. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за земјоделство,

производство, трговија и услуги Бистрен ДООЕЛ с.Љуботен, Штип, населено место без уличен систем Љуботен, Штип, со Предлог-одлука (39-3928/1)

36. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за земјоделство, производство, трговија и услуги Бистрен ДООЕЛ с.Љуботен, Штип, населено место без уличен систем Љуботен, Штип, со Предлог-одлука (39-3930)

37. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8-Деве Баир-Ќафасан, патна делница Кичево-Подвис, км 0+000,00-км 10+424,89, за санација и стабилизација на косина на км 5+210 до км 5+410, КО Другово, Општина Кичево, со Предлог-одлука

38. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за изградба на патен коридор 8-Автопат Деве Баир-Ќафасан, патна делница Подвис-Пресека, км 10+424,89-км 22+246,05, за стабилизација на косина на км 21+860-км 22+070, КО Врбјани, Општина Дебрца, со Предлог-одлука

39. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8-Автопат Деве Баир-Ќафасан, патна делница Кичево-Подвис, км 0+000-км 10+424,89, за девијација на автопат А2 и косина на км 1+771-км 2+350 КО Кичево вон град, Општина Кичево, со Предлог-одлука

40. Информација за определување на надоместок на Комисијата за давање под закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост до 3 хектари и над 3 хектари, согласно член 21 од Законот за земјоделско земјиште („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/2019), со предлог-одлуки

41. Информација за олеснување на критерумите за кредитната линија од средствата на Развојна банка на Северна Македонија за поддршка на претпријатија со дејност од областа на земјоделството со цел зголемување на производството на земјоделските производи и нивните преработки со предлог-одлука

42. Информација за склучување на Анекс број 2 на Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проектот-Мост Карпош во Град Скопје

43. Информација за постапување на Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација на економски ресори и инвестиции, Фатмир Битиќи, по однос на заклучок по точка 89 од 23-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8.3.2022 година за Предлог договорот за доделување на државна помош на Орицон адвансед технолоџис-ОАД-ДООЕЛ Велес

44. Информација за Договор за донација на добра-софтвер за целите на воспоставување на Сектор за координација на големи инфраструктурни проекти

45. Информација за статус на Договорот за доделување на финансиска поддршка бр.13-7586/1 од 31.7.2018 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна

Македонија и Друштвото за производство, трговија, услуги и превоз Бодан ДОО увоз-извоз Куманово

46. Информација за статус на Договорот за доделување на финансиска поддршка бр. 12-7923/1 од 15.10.2019 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за производство, трговија и услуги Ливе баг 2016 ДООЕЛ Крива Паланка

47. Информација за статус на Договорот за доделување на финансиска поддршка бр. 10-8053/1 од 15.10.2019 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за трговија и услуги Хунза веда клуб ДООЕЛ увоз -извоз Скопје

48. Информација за статус на Договорот за доделување на финансиска поддршка бр.10-7561/1од 31.7.2018 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за модна конфекција Данитекс ДОО Кочани

49. Информација за статус на Договорот за доделување на финансиска поддршка бр. 13-8007/1 од 15.10.2019 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за производство, трговија и услуги Бети-артспид ДООЕЛ Охрид

50. Информација за статус на Договорот за финансиска поддршка бр. 09-9603/1 од 15.10.2020година склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за транспорт градежништво и трговија Вато ДОО Студеничани

51. Информација за потребата од склучување на договор за грант за проектот „Рехабилитација на објекти за физичко образование во основните и средните училишта и набавка на спортска опрема во С. Македонија“, меѓу Република Северна Македонија претставувана од Министерството за образование и наука и Банката за развој при Советот на Европа-ЦЕБ

52. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Завод за рехабилитација на слух, говор и глас-Скопје (ЕЕГ апарат)

53. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за кардиологија-Скопје (3Д Електроанатомски мапинг систем за електрофизиологија)

54. Предлог на закон за изменување на Законот за заштита на децата, по скратена постапка, поднесен од пратениците Димитар Апасиев и Борислав Крмов

55. Годишен извештај за работата на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2021 година, со Предлог-одлука

56. Годишен извештај за работата за 2021 година, Финансиски план за 2022 година, Стратешки план за 2022 година и Годишна програма за работа на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2022 година, со Предлог-одлука

57. Годишен извештај за работата на Комисијата за заштита на конкуренцијата за 2021 година

58. Годишен извештај за работата на Агенцијата за пошти за 2021 година

59. Годишен извештај за работата на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во 2021 година

60. Годишен извештај за работата на Агенцијата за администрација за 2021 година

61. Годишен извештај за работата на Инспекцискиот совет за 2021 година

62. Понуда од нотар Сихана Зибери-Шабани од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист број 2006 за КО Горно и Долно Оризари на КП број 438 викано место/улица Поле

63. Понуда од нотар Љупчо Јорданов од Радовиш, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист број 2049 за КО Ињево на КП број 7555, викано место/улица Ињево

64. Понуда од нотар Љупчо Јорданов од Радовиш, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист број 83822 за КО Радовиш на КП број 4288/8 викано место/улица Булевар Александар Македонски

65. Понуда од нотар Љупчо Јорданов од Радовиш, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист број 750 за КО Раклиш на КП број 5093 викано место/улица Село

66. Понуда од нотар Симон Зафировски од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист број 44512 за КО Гази Баба на КП број 1536 на викано место/улица 513

67. Понуда од нотар Симона Николиќ од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист број 1850 за КО Ѓорче Петров 4-Влае на КП број 7191 викано место/улица Вангел Дину, Имотен лист број 3206 за Ѓорче Петров 4-Влае на КП број 7183 викано место/улица Корушка и Имотен лист број 104140 за КО Ѓорче Петров 4-Влае на КП број 7192/3 викано место/улица Вангел Дину

68. Понуда од нотар Надица Чаушевска-Заева од Струмица, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист број 1070 за КО Градско Балдовци на КП број 581 викано место/улица Село

69. Понуда од нотар Ванчо Андоновски од Скопје, за размена на недвижен имот запишан во Имотен лист број 92957 за КО Ѓорче Петров-6 на КП број 9092/2 викано место/улица Мице Козара 28 и Имотен лист број 92958 за КО Ѓорче Петров-6, на КП број 9092 викано место/улица Ѓорче Петров

70. Понуда од нотар Јасмина Карталова-Баснаркова од Тетово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.452 за КО Копачин Дол, на КП бр.1125 дел 2, викано место/улица Теќепе

71. Понуда од нотар Татјана Миовска од Берово, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист број  8668 на КП бр. 3371, викано место /улица „11 Октомври" и Имотен лист број 3652 за КО Берово на КП бр. 2082 викано место/улица „М. Тито"

72. Понуда од нотар Трајко Маркоски од Прилеп, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист број 2065 за КО Прилеп на КП број 20171 викано место/улица Б.Планина

73. Понуда од нотар Армир Садику од Тетово, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 103942, за КО Тетово 2, на КП број 4829/1, викано место/улица Град Тетово

74. Понуда од нотар Лорија Ваневска од Куманово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.76602, за КО Куманово, на КП бр.20294/14 и КП бр.20294/15, викано место/улица Моша Пијаде

75. Понуда од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1526, за КО Маџари, на КП бр.36 викано место/улица Булевар Едвард Кардељ бр.24

76. Понуда од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1439, за КО Јурумлери, на КП бр.153/11 викано место/улица Динек

77. Известување од извршител Васко Блажевски од Скопје под И.бр.1809/18 за Налог за извршување врз недвижен имот-земјоделско земјиште запишан во Имотен лист број 401 за КО Г. Коњари на КП број 1625 и КП број 1626 викано место/улица Под Село

78. Известување од извршител Андреја Буневски од Скопје, за Заклучок за усна јавна продажба, која ќе се одржи на 10 мај 2022 година, доставено под И.бр.2204/2018

79. Известување од извршител Александар Кузмановски од Гостивар, за Заклучок за усна јавна продажба која ќе се одржи на 10.5.2022 година, доставено под И.бр.14/2018

80. Кадровски прашања

81. Прашања и предлози

82. Информација за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија во првиот квартал во 2022 година

83. Информација за реализираните активности во 2021 година од Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2021-2022 година

84. Информација за предлог на нови рокови за реализација на мерките и активностите предвидени согласно Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси со Акциски план за нејзино спроведување (2021-2025)

85. Информација за квалитетот на воздухот во Република Северна Македонија за март 2022 година

86. Годишен извештај за оценување на административни службеници во Република Северна Македонија за 2021 година

87. Информација за статус на Договорот за финансиска поддршка бр. 12-7533/1 од 31.7.2018 година склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за трговија производство и услуги НТК-МАКС ДООЕЛ увоз-извоз Куманово

88. Информација за статус на Договорот за финансиска поддршка бр. 10-7999/1 од 15.10.2019 година склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за управувачки дејности Еуроникел ДООЕЛ с. Возарци Кавадарци

89. Информација за статус на Договорот за финансиска поддршка бр. 12-7925/1 од 15.10.2019 година склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за компјутерско програмирање и консултантски услуги Инеллипсе ДООЕЛ Битола

90. Информација за статус на Договорот за финансиска поддршка бр. 13-7591/1 од 31.7.2018 година и Анекс на Договор за финансиска поддршка бр. 13-7591/4 од 1.11.2018 година, склучени помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за трговија, производство и услуги Лукамик увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп

91. Извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта, за периодот октомври-декември 2021 година

92. Тримесечен финансиски извештај за работењето на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје, за периодот октомври-декември 2021 година

93. Тримесечен извештај за работењето на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт А.Д.-Скопје, за периодот 1.10.2021-31.12.2021 година, со табеларни прикази

94. Информација за продажбата на акциите и уделите од вкупниот капитал на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал во периодот јануари-март 2022 година

95. Годишен извештај за работата на Инспекцискиот совет за 2021 година

96. Годишен извештај за работа на Национален координативен центар за гранично управување

97. Информација за потреба за обезбедување на финансиски средства за физичко обезбедување на Археолошки локалитет Плаошник

98. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за утврдување на бројот на наставните денови во учебната 2021/2022 година во средните училишта во услови на вонредни околности

99. Предлог-одлука за престанување на важење на Одлуката за ограничување на извозот на масло од сончоглед

100. Информација за барање за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за поврат на средства кон Европска комисија заради затворање на салдо на девизна сметка за Националната програма ТАИБ 2013, со Предлог-одлука

101. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „АЛТЕА“ во Босна и Херцеговина

102. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на ООН „УНИФИЛ“, во Република Либан

103. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2022 година

104. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредба за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2022 година

*

*      *

**Владата без забелешки ги усвои Записникот од 32-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 март 2022 година, Записникот од 37-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 април 2022 година и Записникот од 39-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 април 2022 година**

*

*      *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јануари 2022 година-30 јуни 2022 година**

Владата:

1. Го разгледа Барањето од Министерството за финансии за изменување на Законодавната агенда, го прифати и заклучи да се измени Законодавната агенда и тоа:

- Предлог на закон за ревизија, рокот за доставување наместо јуни 2022 година да биде септември 2022 година.

- Предлог на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за изградба на автопатска делница Скопје-Блаце, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното претпријатие за државни патишта, рокот за доставување наместо април 2022 година да биде мај 2022 година.

- Предлог на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на проектот-Рехабилитација на ХЕЦ фаза 3, кој ќе се склучи меѓу КфВ и АД ЕСМ Скопје, рокот за доставување наместо март 2022 година да биде ноември 2022 година.

- Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој по Договорот за заем за проектот -Интегриран информациски систем за управување со финансии, рокот за доставување наместо мај 2022 година да биде јуни 2022 година.

- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за девизното работење, рокот за доставување наместо април 2022 година да биде декември 2022 година.

- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за даночна постапка, рокот за доставување наместо јуни 2022 година да биде јули 2022 година.

- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки, рокот за доставување наместо мај 2022 година да биде октомври 2022 година.

- Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за рехабилитација на источниот дел на железничката пруга на Коридор 8, фаза 3-делница Крива Паланка-Деве Баир, граница кон Република Бугарија, рокот за доставување наместо јуни 2022 година да биде ноември на 2022 година.

- Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската инвестициска банка по Договорот за заем за рехабилитација на источниот дел на железничката пруга на Коридор 8, фаза 3-делница Крива Паланка-Деве Баир, граница кон Република Бугарија, рокот за доставување наместо јуни 2022 година да биде ноември на 2022 година.

Согласно овој заклучок, соодветно да се измени Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година.

2. Изменетата Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.1.2022-30.6.2022 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година, да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

3. Се задолжуваат сите министри да го следат реализирањето на Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.1.2022-30.6.2022 година и навремено да ги планираат активностите во институциите, со цел доследно исполнување на обврските и роковите кои произлегуваат од истата.

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од обезбедување на времен режим за патниот сообраќај на премините преку железничките пруги на кои треба да се реконструира горниот строј со елементи од рециклирана гума и асфалтирање на патот на делот помеѓу армирано-бетонските рабници и патот и ја усвои Информацијата, со следните заклучоци:

1. Се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, во рок од 30 дена, да изработи елаборати за времен режим на патниот сообраќај, да ја обезбеди и постави потребната вертикална сигнализација согласно времениот режим на сообраќај кај

регионалните патишта преку железничките пруги на км.590+349 (Давидово), на км.78+258 (Мажучиште) и на км.24+236 (Лозово), девијациите на патот на местата каде што не е можно пренасочување на сообраќајот на соседните патни премини и асфалтирање на патот на делот помеѓу армирано-бетонските рабници и патот.

2. Се укажува на Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Ц.О. Скопје, во рок од 45 дена, да ја обезбеди потребната вертикална сигнализација за останатите 23 (дваесет и три) патни премини кои не се на регионални патишта, а истата ќе им биде вратена од страна на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“-Скопје, по завршување на работите.

**Точка 2**

Владата по најновиот текст на Годишната инвестициона програма, со Предлог-одлука, Програмата за работа и развој и Финансискиот план на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија за 2022 година, заклучи:

1. Го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Годишната инвестициона програма на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.

2. Ги разгледа најновиот текст на Програмата за работа и развој на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија за 2022 година и Финансискиот план на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија за 2022 година, како материјали за информирање.

**Точка 3**

Владата по Годишната сметка за 2021 година и Годишниот извештај за работењето за 2021 година на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, со дополнителни материјали и предлог-одлуки ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за давање согласност на Годишната сметка на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, Скопје за 2021 година, во предложениот текст.

2. Одлуката за давање согласност на Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, Скопје за 2021 година, во предложениот текст.

Предлог-одлуката за давање согласност на Одлуката за распределба на нето добивката за деловната 2021 година и за употреба на вишокот на средствата остварени со работењето на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, Скопје за 2021 година да се разгледа на седница на Влада, откако ќе се разгледа на некоја од наредните седници на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за започнување на постапка за јавна набавка на стоки-моторни возила по пат на оперативен лизинг за Оперативно-техничката агенција, ја усвои Информацијата и даде согласност на

Оперативно-техничката агенција за започнување на постапка за јавна набавка на стоки-моторни возила по пат на оперативен лизинг.

**Точка 5**

Владата ги донесе најновите текстови на:

1. Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор наменет за продажба, во предложениот текст.

2. Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната установа-Национален парк Маврово-Маврови Анови, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната установа Национален парк Маврово-Маврови Анови, во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Договорот за доделување на државна помош склучен помеѓу Владата на Република Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство Џонсон контролс аутомотиве Струмица ДООЕЛ Струмица со бр.13-271/1 од 2.2.2016 година и Анекс договор бр.1 со бр.13-271/2 од 18.8.2016 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Анекс договор бр.2 кон Договорот за доделување на државна помош склучен помеѓу Владата на Република Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство Џонсон контролс аутомотиве Струмица ДООЕЛ Струмица со бр.13-271/1 од 2.2.2016 година и Анекс договор бр.1 со бр.13-271/2 од 18.8.2016 година, во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата со Предлог-одлука за продажба на движни ствари, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за донесување на Програмата за мониторинг за безбедност на храна за животни за 2022 година, со Предлог-програма, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Програмата за мониторинг за безбедност на храна за животни за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата по најновиот текст на Годишниот финансиски план на Агенцијата за планирање на просторот во 2022 година го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Годишниот финансиски план на Агенцијата за планирање на просторот во 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со продажба на движни ствари (моторни возила) во сопственост на Република Северна Македонија, чиј корисник е Државниот инспекторат за животна средина поради неисправност, неупотребливост и застареност, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари, во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување акти за зголемување на паричниот влог на основната главнина на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје, со предлог-одлуки и изјави и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го донесе најновиот текст на Одлуката за одобрување на средства за зголемување на основната главнина на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

2. Го донесе новиот текст на Одлуката за зголемување на основната главнина на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

3. Ја даде Изјавата за преземање на нов влог, во предложениот текст.

4. Го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Изјавата за основање Друштво за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

5. Го даде новиот текст на Изјавата за основање Друштво за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје (пречистен текст).

**Точка 13**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Финансискиот план за 2022 година на Советот за унапредување и надзор на ревизијата, со Предлог-одлука, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата предлагачот да го усогласи материјалот со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 14**

Владата го одложи разгледувањето на  Годишна програма за работа на Советот за унапредување и надзор на ревизијата за 2022 година, со Предлог-одлука за наредната седница на Владата откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика поради потребата предлагачот да го усогласи материјалот со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

**Точка 15**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности, во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за престанок давање на трајно користење на недвижна ствар на Дирекцијата за заштита и спасување (КП бр.1768/1, КО Кисела Вода 2), поради потребата од дополнителни усогласувања со Министерството за одбрана и Агенцијата да катастар на недвижности да достави мислење по истата.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од отстранување на движни ствари кои претставуваат електронски и електричен отпад, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 18**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за начинот на вршење на техничкиот преглед на изведените рударски објекти и висината на трошоците за вршење на техничкиот преглед, во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2022 година, со Предлог-програма ја усвои Информацијата и ја донесе Програмата за дополнување на Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата за доставено Барање број 11-1514/1 од 16.2.2022 година за регулирање на долг со воспоставување на нови кредитни услови на Општина Ѓорче Петров поради неможност за отплата на доспеаните обврски, поднесено од Општина Ѓорче Петров, ја усвои и го задолжи Министерството за финансии да склучи Договор за регулирање на долг со должникот Општина Ѓорче Петров, со кој обврската за измирување на доспеаниот долг во вкупен износ од 9.100.895,00 денари, референтната зголемен за камата во висина на каматна стапка на Народна банка на Република Северна Македонија, ќе ја плати на пет еднакви месечни рати почнувајќи од 15.5.2022 година.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата по Барање за регулирање на долг бр.11-1592/1 од 10.2.2022 година, поднесено од Општина Бутел и ја усвои Информацијата, со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за финансии да склучи договор за регулирање на долг со должникот Општина Бутел, со кој обврската за подмирување на доспеаниот долг во вкупен износ од 7.317.053,00 денари, зголемен за камата во висина на референтната каматна стапка на Народна Банка на Република Северна Македонија, ќе ја плати на шест еднакви месечни рати почнувајќи од 15.5.2022 година.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата по Барање за регулирање на долг бр.11-1621/1 од 11.2.2022 година, поднесено од Општина Македонски Брод, со Предлог-договор и Амортизационен план, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии да склучи Договор за регулирање на долг со должникот Општина Македонски Брод, со кој обврската за измирување на доспеаниот долг во вкупен износ од 1.620.370,00 денари, зголемен за камата во висина на референтната каматна стапка на Народна банка на Република Северна Македонија, ќе ја плати на пет еднакви месечни рати почнувајќи од 15.5.2022 година.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата по Барање за регулирање на долг бр.15-2576/1 од 15.3.2022 година, поднесено од Општина Ресен, со Предлог-договор и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за финансии да склучи договор за регулирање на долг со должникот Општина Ресен, со кој обврската за измирување на доспеаниот долг по основ на главница, камата и провизија во вкупен износ од 1.508.278,00 денари, зголемен за камата во висина на референтната каматна стапка на Народна банка на Република Северна Македонија, ќе ја плати на четири еднакви месечни рати почнувајќи од 15 мај 2022 година.

**Точка 24**

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Информацијата во врска со одземањето на Лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалница издадена на Друштвото за трговија и услуги „Тотал про спорт“ ДООЕЛ Скопје бр.44-12105/1 од 22.12.2020 година и Предлог-одлука за одземање на Лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалница бр.44-12105/1 од 22.12.2020 година, за наредната седница на Владата.
Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на парафираниот текст на Договорот за економска соработка помеѓу Република Северна Македонија и Босна и Херцеговина и Договорот за соработка во областа на туризмот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Босна и Херцеговина, со усогласени текстови на договори и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот за економска соработка помеѓу Република Северна Македонија и Босна и Херцеговина.

2. Го прифати усогласениот текст на Договорот за соработка во областа на туризмот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Босна и Херцеговина.

3. Се определува м-р Крешник Бектеши, министер за економија во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Договорот за економска соработка помеѓу Република Северна Македонија и Босна и Херцеговина.

4. Се определува м-р Крешник Бектеши, министер за економија во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Договорот за соработка во областа на туризмот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Босна и Херцеговина.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Хилтон, Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од прва категорија со пет (5) ѕвезди супериор), во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Вилиџ, Охрид, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Бела куќа, Битола, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди супериор), во предложениот текст.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статусот на реализација на договорите за концесија за малите хидроелектрани на локациите бр.407 река Пена и бр.104 Габровска Река и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за економија писмено да го извести концесионерот ЦММ Енерги компани ДООЕЛ дека за локацијата бр.407 р.Пена согласно член 13 став 7 од Договорот за концесија му се продолжува дополнителниот рок до 13 септември 2022 година, во кој е должен да ги исправи пропустите во однесувањето и да отпочне со комерцијална работа.

2. Се задолжува Министерството за економија да побара од концесионерот ЦММ Енерги компани ДООЕЛ да достави Анекс на гаранцијата за изведба со кој важноста на

гаранцијата за изведба за локацијата бр.477 река Пена ќе се продолжи најмалку до 13 октомври 2022 година.

3. Го одобри продолжувањето на рокот за започнување со комерцијална работа за локацијата бр.104 Габровска Река на концесионерот Ани енергетик ДОО Тетово до 19 август 2022 година.

4. Се задолжува Министерството за економија во име на концедентот писмено да го извести концесионерот Ани енергетик ДОО Тетово дека се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа, за што ќе треба да се потпише Анекс на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелктрични централи за производство на електрична енергија за локацијата бр.104 Габровска Река.

5. Се задолжува Министерството за економија да побара од концесионерот Ани енергетик ДОО Тетово да достави Анекс на гаранцијата за изведба со кој важноста на гаранцијата за изведба за локацијата бр.104 Габровска Река ќе се продолжи најмалку до 19 септември 2022 година.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Паликура 2", Општина Неготино и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина.

2. Го одобри новиот текст на Тендерската документација за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-песок и чакал на локалитетот „Паликура 2", Општина Неготино.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Коџа Дол" с. Доброшинци Општина Василево, со нов текст на Тендерска документација, ја усвои Информацијата и ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-песок и чакал на локалитетот „Коџа Дол" с.Доброшинци, Општина Василево.

**Точка 32**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на друг вид на минерална суровина-мермеризиран варовник и дијабаз на Друштвото за градежништво и трговија Градба промет ДОО Кавадарци на локалитетот „Дебриште" Општина Росоман, во предложениот текст.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на концесионерот Дис енерџи ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на МХЕЦ Шталковска со реф. бр. 364, со Анекс бр.3 на Договор и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да го склучи Анекс бр. 3 на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Шталковска со реф.бр.364, бр. 11-2435/1 од 11.4.2018 година за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 11 октомври 2022 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот Дис енерџи ДОО Скопје да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа МХЕЦ Шталковска со реф.бр.364 најмалку до 12 декември 2022 година.

**Точка 34**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за земјоделство, производство, трговија и услуги Бистрен ДООЕЛ с.Љуботен Штип, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, поради потребата текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 35**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за земјоделство, производство, трговија и услуги Бистрен ДООЕЛ с.Љуботен, Штип, Населено место без уличен систем Љуботен, Штип со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 36**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за земјоделство, производство, трговија и услуги Бистрен ДООЕЛ с.Љуботен, Штип, населено место без уличен систем Љуботен, Штип, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 37**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8-Деве Баир-Ќафасан, патна делница Кичево-Подвис, км 0+000,00-км 10+424,89, за санација и стабилизација на косина на км 5+210 до км 5+410, КО Другово, Општина Кичево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за

инфраструктура за патен коридор 8-Деве Баир-Ќафасан, патна делница Кичево-Подвис, км 0+000,00-км 10+424,89, за санација и стабилизација на косина на км 5+210 до км 5+410, КО Другово, Општина Кичево, во предложениот текст.

**Точка 38**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за изградба на патен коридор 8-Автопат Деве Баир-Ќафасан, патна делница Подвис-Пресека, км 10+424,89-км 22+246,05, за стабилизација на косина на км 21+860-км 22+070, КО Врбјани, Општина Дебрца, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за изградба на патен коридор 8-Автопат Деве Баир-Ќафасан, патна делница Подвис-Пресека, км 10+424,89-км 22+246,05, за стабилизација на косина на км 21+860-км 22+070, КО Врбјани, Општина Дебрца, во предложениот текст.

**Точка 39**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8-Автопат Деве Баир-Ќафасан, патна делница Кичево-Подвис, км 0+000-км 10+424,89, за девијација на автопат А2 и косина на км 1+771-км 2+350 КО Кичево вон град, Општина Кичево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8-Автопат Деве Баир-Ќафасан, патна делница Кичево-Подвис, км 0+000-км 10+424,89, за девијација на Автопат А2 и косина на км 1+771-км 2+350 КО Кичево вон град, Општина Кичево, во предложениот текст.

**Точка 40**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за определување на надоместок на Комисијата за давање под закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост до три хектари и над три хектари, согласно член 21 од Законот за земјоделско земјиште („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/2019), со предлог-одлуки ја усвои Информацијата и ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за определување на висината на надоместокот на членовите на Комисијата за давање под закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со доставување на понуди за површини до три хектари (40-8315/1), во предложениот текст.

2. Одлуката за определување на висината на надоместокот на членовите на Комисијата за давање под закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со доставување на понуди за површини до 3 хектари (40-8326/1), во предложениот текст

3. Одлуката за определување на висината на надоместокот на членовите на Комисијата за давање под закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со доставување на понуди за површини над 3 хектари (40-7622/1), во предложениот текст.

4. Одлуката за определување на висината на надоместокот на членовите на Комисијата за давање под закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со доставување на понуди за површини над 3 хектари (40-4109/2), во предложениот текст.

5. Одлуката за определување на висината на надоместокот на членовите на Комисијата за давање под закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со доставување на понуди за површини над 3 хектари (40-8604/2), во предложениот текст.

6. Одлуката за определување на висината на надоместокот на членовите на Комисијата за давање под закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со доставување на понуди за површини до 3 хектари (40-8576/2), во предложениот текст и

7. Одлуката за определување на висината на надоместокот на членовите на Комисијата за давање под закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со доставување на понуди за површини над 3 хектари (40-7442/2), во предложениот текст.

## Точка 41

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за олеснување на критерумите за кредитната линија од средствата на Развојна банка на Северна Македонија за поддршка на претпријатија со дејност од областа на земјоделството со цел зголемување на производството на земјоделските производи и нивните преработки, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за финансии да достави мислење по истата.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 42

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Анекс број 2 на Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проектот-Мост Карпош во Град Скопје, со текст на Анекс број 2 на Договор и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го усвои текстот на Анекс број 2 на Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проектот-Мост Карпош во Град Скопје.

2. Се овластува Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, да го потпише Анексот број 2 на Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проектот-Мост Карпош во Град Скопје, во име на Владата на Република Северна Македонија.

3. Се препорачува на Град Скопје да го потпише Анексот број 2 на Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проектот-Мост Карпош во Град Скопје.

## Точка 43

Владата ја разгледа Информацијата за постапување на Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски

прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Фатмир Битиќи, по однос на заклучок по точка 89, од 23-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8.3.2022 година за Предлог-договорот за доделување на државна помош на Орицон адвансед технолоџис-ОАД ДООЕЛ Велес и ја усвои со следниот заклучок:

- Се овластува Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, да го потпише предложениот Договор за доделување на државна помош на Орицон адвансед технолоџис-ОАД ДООЕЛ Велес.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Информацијата за Договор за донација на добра-софтвер за целите на воспоставување на сектор за координација на големи инфраструктурни проекти, со текст на Договор за донација на добра и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за Договор за донација на добра-софтвер за целите на воспоставување на сектор за координација на големи инфраструктурни проекти.

2. Го прифати текстот на Договорот за донација на добра помеѓу Владата на Република Северна Македонија и УНОПС преку Канцеларијата во Србија, претставена од директорката Михаела Телатин, а во врска со воспоставувањето на сектор за координација на големи инфраструктурни проекти,

3. Се овластува заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Фатмир Битиќи, во рок од пет дена да го потпише Договорот за донација на добра помеѓу Владата на Република Северна Македонија и УНОПС преку Канцеларијата во Србија претставена од директорката Михаела Телатин, а во врска со воспоставувањето на сектор за координација на големи инфраструктурни проекти,

4. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да изврши прием на софтверот во зградата на Владата и да го воведе во сметководствената евиденција, односно да овозможи инсталација на истиот кога ќе се создадат услови за тоа.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Информацијата за статус на Договорот за доделување на финансиска поддршка бр.13-7586/1 од 31.7.2018 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за производство, трговија, услуги и превоз Бодан ДОО увоз-извоз Куманово, ја усвои Информацијата и го задолжи Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, до компанијата Бодан ДОО увоз-извоз Куманово, да испрати писмено известување, со кое ќе ја извести компанијата дека поради неисполнување на договорните обврски, согласно член 12 од Договорот за финансиска поддршка, договорот е раскинат, со барање за поврат на целокупната примена финансиска поддршка која била претходно исплатена на корисникот, во рок од 60 дена од доставувањето на писменото известување.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Информацијата за статус на Договорот за доделување на финансиска поддршка бр.12-7923/1 од 15.10.2019 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за производство, трговија и услуги Ливе

баг 2016 ДООЕЛ Крива Паланка, ја усвои и го задолжи Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, до компанијата Ливе баг 2016 ДООЕЛ Крива Паланка, да испрати писмено известување, со кое ќе ја извести компанијата дека поради неисполнување на договорните обврски, согласно член 13 од Договорот за финансиска поддршка, договорот е раскинат, со барање за поврат на целокупната примена финансиска поддршка која била претходно исплатена на корисникот, во рок од 60 дена од доставување на писменото известување.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Информацијата за статус на Договорот за доделување на финансиска поддршка бр. 10-8053/1 од 15.10.2019 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за трговија и услуги Хунза веда клуб ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, ја усвои Информацијата и го задолжи Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација на економски ресори и инвестиции, до компанијата Хунза веда клуб ДООЕЛ Скопје да испрати писмено известување со кое ќе ја извести компанијата за неисполнувањето на договорните обврски, со барање за поврат на целокупната примена финансиска поддршка која била претходно исплатена на корисникот, во рок од 60 дена од доставувањето на писменото известување.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Информацијата за статус на Договорот за доделување на финансиска поддршка бр.10-7561/1 од 31.7.2018 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за модна конфекција Данитекс ДОО Кочани, ја усвои Информацијата и го задолжи Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација на економски ресори и инвестиции, до компанијата Данитекс ДОО Кочани да испрати писмено известување, со кое ќе ја извести компанијата дека поради неисполнување на договорните обврски, согласно член 12 од Договорот за финансиска поддршка, Договорот е раскинат, со барање за поврат на целокупната примена финансиска поддршка која била претходно исплатена на корисникот, во рок од 60 дена од доставување на писменото известување.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Информацијата за статус на Договорот за доделување на финансиска поддршка бр. 13-8007/1 од 15.10.2019 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за производство, трговија и услуги Бети-артспид ДООЕЛ Охрид и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, до компанијата Бети-артспид ДООЕЛ Охрид да испрати писмено известување со кое ќе ја извести компанијата за неисполнување на договорните обврски, со барање за поврат на целокупната примена финансиска поддршка која била претходно исплатена на корисникот, во рок од 60 дена од доставување на писменото известување.

## Точка 50

Владата ја разгледа Информацијата за статус на Договорот за финансиска поддршка бр. 09-9603/1 од 15.10.2020 година склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за транспорт градежништво и трговија Вато ДОО Студеничани ја усвои Информацијата и го задолжи Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, до компанијата Вато ДОО Студеничани да испрати писмено известување со кое ќе ја извести компанијата за неисполнување на договорните обврски, со барање за поврат на целокупната примена финансиска поддршка која била претходно исплатена на корисникот, во рок од 60 дена од доставување на писменото известување.

## Точка 51

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од склучување на Договор за грант за проектот „Рехабилитација на објекти за физичко образование во основните и средните училишта и набавка на спортска опрема во С. Македонија", меѓу Република Северна Македонија претставувана од Министерството за образование и наука и Банката за развој при Советот на Европа-ЦЕБ, со усогласен текст на Договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот за грант помеѓу Република Северна Македонија и Банката за развој на Советот на Европа

2. Се овластува д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, да го потпише Договорот за грант помеѓу Република Северна Македонија и Банката за развој на Советот на Европа.

## Точка 52

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за  престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа-Завод за рехабилитација на слух, говор и глас-Скопје, во предложениот текст.

## Точка 53

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за кардиологија-Скопје (3Д Електроанатомски мапинг систем за електрофизиологија), во предложениот текст.

## Точка 54

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за заштита на децата, по скратена постапка, поднесен од пратениците Димитар Апасиев и Борислав Крмов и притоа го утврди следново мислење:

Одредбата од членот 1 од Предлогот на закон со која во членот 35 став (1) од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20 и 294/21), бројот ,,5.021" се заменува со бројот ,,10.042", во став (2) со кој  бројот ,,7.531" се заменува со бројот ,,15.063" и во став (3) со кој бројот ,,6.276" се заменува со бројот

„12.552“ е неприфатлива и без согледување на развојот на целиот систем за поддршка на децата со попреченост, односно развојот и пристапот до квалитетни и бесплатни услуги кои ќе ја зголемат функционалноста на децата, ќе го овозможат пристапот до квалитетно образование на еднаква основа со другите деца и ќе ја подобрат пристапноста и достапноста до здравствените услуги и ортопедски помагала.

Предлогот на закон е фокусиран само на финансиската поддршка без да се земат во предвид останатите потреби на децата и лицата со попреченост.

Со членот 35 од Законот за заштита на децата се уредува висината на правото на посебен додаток кој изнесува 5.021 денари. Притоа, за самохран родител кој има дете со попреченост износот на посебниот додаток се зголемува за 50% и изнесува 7.531 денари, а за материјално необезбедени родители, кои се корисници на гарантирана минимална помош и кои имаат дете со попреченост износот на посебниот додаток се зголемува за 25 % и изнесува 6.276 денари. Во ставот (4) е наведено дека утврдените износи се усогласуваат со порастот на трошоците на живот за претходната година објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.
Согласно порастот на трошоците на живот и соопштението број 4.1.22.02 од 10.1.2022 година на Државниот завод за статистика за 2022 година, висината на посебниот додаток изнесува 5.365,00 денари, за самохран родител изнесува 8.047,00 денари, а висината на посебниот додаток за материјално необезбедени родители, кои се корисници на гарантирана минимална помош изнесува 6.706,00 денари.

Министерството за труд и социјална политика и во изминатиот период изврши зголемување на висината на правото на посебен додаток за 15% за сите три категории на корисници на правото утврдени во Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“, бр.198 од 31.10.2018 година), а во 2022 година ќе следи и ново зголемување на посебниот додаток за 15% за сите три подвидови на корисници.

Дополнително, Министерството, изврши темелна анализа за вкупниот број на корисници на правото на посебен додаток и истиот изнесува 6.331, од кои бројот на самохрани родители изнесува 651, а 727 се материјално необезбедени родители, корисници на гарантирана минимална помош.

Министерството за труд и социјална политика е во постојана комуникација со здруженијата на граѓани на лица со попреченост и родителите на децата со попреченост и заедно креира решенија за подобрување на социјалните услуги, но и за подобрување на животниот стандард на децата со попреченост и нивните семејства. Во соработка со другите релевантни министерства и институции, а врз основа на барањата на здруженијата на граѓани на лицата со попреченост и родителите на децата со попреченост, се креира пакет на законски измени и мерки кои се во интерес на унапредување на правата на децата и лицата со попреченост:

-ослободувањето од партиципација за лицата со попреченост над 26 години, корисници на правото за попреченост при специјалистичко-консултативна здравствена заштита, болничко здравствена заштита и за лекови издадени на рецепт на товар на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија;
-изменување и дополнување на Законот за заштита на децата со кој ќе се овозможи ново зголемување на посебниот додаток за 15% за сите три подвидови на корисници;
-намалување на возрасната граница за остварување на правото за траен-надоместок за родител кој се грижел за своето дете со попреченост до неговата 26 годишна возраст;
-изменување на Законот за социјалната заштита со кое ќе се дополни делот за децата/лицата кои можат да ја користат услугата за лична асистенција и за децата/лицата со

комбинирана попреченост, но каде една од попреченостите е најтешка телесната попреченост;
-изменување и дополнување на Одлуката за цената на социјалните услуги за 2022 година, каде се предвидува цена за час индивидуален и цена за дневен третман за дете/лице со попреченост од стручен работник во лиценцираните дневни центри за деца со попреченост, односно 858 денари за индивидуален третман и 1.053 денари дневно по корисник;
-воведување на Регистар за лицата со попреченост;
-изменување на Правилникот за ортопедски помагала со што ќе се овозможи да се доделуваат ортопедски помагала-чевли на секои 6 месеци за сите возрасни групи;
-подготовка на нова Национална стратегија за лицата со попреченост 2022-2027;
-обезбедување на обуки и понуда на работни места за невработените родители на децата со попреченост во услугите од социјалната заштита и во дневните центри;
-отворање на Центар за рана интервенција во соработка со Министерството за здравство и со граѓанските организации;
-отворање на 10 станбени единици за живеење со поддршка за 50 корисници од Специјалниот завод Демир Капија и ЈУ Завод за рехабилитација-Скопје.

Министерството ќе продолжи да ги унапредува правата на децата и лицата со попреченост во консултација со граѓанските организации, националните сојузи и родителите на децата со попреченост со кои во изминатите три години се реализирани следните мерки и политики:
-воведување на две целосно нови услуги за децата и лицата со попреченост-лична асистенција (269 денари за час) и услугата домашна нега (289 денари за час) платени од буџетот на Министерството за труд и социјална политика;
-проширување на правото за попреченост за лицата со интелектуална попреченост;
-зголемување на додатокот за надоместок за плата за скратено работно време за родител кој чува дете со попреченост, од 4000 денари се зголеми на висина до 50% од просечна нето плата исплатена за претходната година;
-воведување на траен надоместок за родител, кој се грижел за детето со попреченост до неговата 26-годишна возраст без да го смести во институција, кој е невработен и не користи право на пензија, по наполнување на 62 години за жена, односно 64 години за маж (8000 денари месечно);
-обезбедени средства и вработување на 500 образовни асистенти во наставата за кои се обезбедени 216 милиони денари;
-отворени седум станбени единици за живеење со поддршка за 35 лица до Специјалниот завод Демир Капија.

Од наведените причини се смета дека предметниот закон е неприфатлив и паушално предложен, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не го прифати предложеното законско решение, бидејќи согласно наведените пакет мерки и извршената темелна анализа за потребите на децата/лицата со попреченост ќе се пристапи кон изменување на Законот за заштита на децата и Законот за социјалната заштита со цел унапредување на нивните права и услуги, а со тоа и на животниот стандард на истите.

**<u>Точка 55</u>**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2021 година, со Предлог-одлука и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 109 од Законот за железничкиот систем, Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор е должна до Собранието на Република Северна Македонија да достави годишен извештај за работата за претходната година.

Согласно Извештајот за финансискиот план и Финансискиот извештај за 2021 година, Агенцијата во 2021 година има остварено приходи во вкупен износ од 15.477.227 денари и вкупни расходи по оданочување во износ од 5.053.526 денари. Извештајот за 2021 година содржи структурна анализа на планираните расходи во 2021 година и остварените расходи во истата година, структурна анализа на планираните приходи и остварените приходи во 2021 година, како и споредбени показатели со реализираните приходи и расходи во 2020 година.

Доставениот Ревизорски извештај, согласно кој финансиските извештаи во сите значајни аспекти даваат вистинита и објективна слика за финансиската состојба на 31.12.2021 година, како и приходите и расходите за годината која завршува на тој ден, е во согласност со Законот за сметководство за непрофитни организации во Република Северна Македонија.

Во однос на текстот на Предлог-одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работата на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2021 година се укажува на потребата редакциски да се усогласи и да биде доставено образложение кон истата.

Врз основа на Одлуката на Владата на Република Македонија од 19.5.2009 година на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор и е дадено право на користење деловен простор (имот) со површина од 180м$^2$ по Имотен лист бр.9162 во сопственост на Република Северна Македонија, а истиот не е евидентиран во книгите на Агенцијата.

Врз основа на горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија дава позитивно мислење по Годишниот извештај за работа на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2021 година, со Предлог-одлука, со укажување да се имаат предвид горенаведените забелешки.

**Точка 56**

Владата ги разгледа Годишниот извештај за работа за 2021 година, Финансискиот план за 2022 година, Стратешкиот план за 2022 година и Годишната програма за работата за 2022 година на Државната комисија за жалби по јавни набавки, со предлог-одлуки и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 135 став (1) од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.86/21), Државната комисија за жалби по јавни набавки поднесува годишен извештај за своето работење до Собранието на Република Северна Македонија, до крајот на март во тековната година за претходната година.
Според став (5) од овој член, Државната комисија за жалби по јавни набавки донесува финансиски, стратешки планови и годишна програма за работата на Државната комисија кои ги доставува до Собранието на Република Северна Македонија, најдоцна до крајот на март од тековната година и го организира нивното спроведување.
Согласно став (6) од овој член, на финасиските и стратешките планови, како и на годишната програма за работата на Државната комисија за жалби по јавни набавки, согласност дава Собранието на Република Северна Македонија.
По однос на текстовите на Предлог-одлуката за давање согласност на Стратешкиот план за 2022 година на Државната комисија за жалби по јавни набавки, Предлог-одлуката за

давање согласност на Годишната програма за работата за 2022 година на Државната комисија за жалби по јавни набавки и Предлог-одлуката за давање согласност на Финансискиот план за работа за 2022 година на Државната комисија за жалби по јавни набавки, од формално-правен аспект се укажува на следното:
- со оглед дека Законот за јавните набавки (*) чии одредби се правен основ за донесување на предлог-одлуките бил предмет на усогласување со законодавството на Европската Унија, истиот во правниот основ за донесување на предметните одлуки треба да се означи со (*);

- текстот на предлог-одлуките редакциски да се подобри и

- во прилог на секоја Предлог-одлука треба да се достави и образложение.

Исто така, потребно е да се достават целосните текстови на Програмата за работа за 2022 година и Стратешкиот план за 2022 година на Државната комисија за жалби по јавни набавки, со наведен архивски број и датум, заверени со потпис и печат од Државната комисија за жалби по јавни набавки.
Годишниот извештај на Државната комисија за жалби по јавни набавки претставува ретроспектива на активностите кои Државната комисија за жалби по јавни набавки ги има реализирано во текот на 2021 година.
Имајќи предвид дека презентираните финансиски показатели не се во согласност со трезорската евиденција на Министерството за финансии, Годишниот извештај за работа за 2021 година на Државната комисија за жалби по јавни набавки потребно е соодветно да се коригира.

## Точка 57

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Комисијата за заштита на конкуренцијата за 2021 година и притоа го утврди следново мислење:

Комисијата за заштита на конкуренција која е одговорна за спроведување на Законот за заштитата на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) и Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10), го подготви и достави со допис бр.01-69/1 од 30.3.2022 година, Годишниот извештај за работата на Комисијата за заштита на конкуренцијата за 2021 година до Собранието на Република Северна Македонија.
Годишниот извештај се доставува согласно обврската утврдена во член 26 став (6) од Законот за заштита на конкуренцијата, според кој Комисијата за заштита на конкуренцијата за својата работа одговара пред Собранието на Република Северна Македонија и најдоцна до 31 март го поднесува Годишниот извештај.
Во Извештајот за работата на Комисијата за заштита на конкуренцијата за 2021 година, наведени се детални информации за извршување на надлежностите од Законот за заштита на конкуренцијата и Законот за контрола на државната помош како и детални информации за материјално-финансиското работење на Комисијата за заштита на конкуренцијата.
Согласно Извештајот, буџетот на Комисијата за 2021 година изнесувал 21.331.510 денари, а неговата реализиација на крајот на годината изнесувала 20.878.654 денари.

Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по однос на Извештајот за работата на Комисијата за заштита на конкуренцијата за 2021 година со укажување да се направат соодветни измени во делот Ѓ. Финансов извештај-Одобрени средства од Буџетот на Република Северна Македонија, со цел усогласување со податоците од трезорската евиденција.

## Точка 58

Владата го разгледа  Годишниот извештај за работата на Агенцијата за пошти за 2021 година и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 12 став (4) од Законот за поштенски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 27/14, 42/14, 187/14, 146/15, 31/16, 190/16, 64/18, 248/18 и 27/19) Агенцијата за пошти за својата работа е должна до Собранието на Република Северна Македонија да достави Годишен извештај за работа за претходната година и Годишна програма за наредната година. Исто така, согласно член 16 став 1 алинеја 6 од истиот закон, Комисијата го одобрува Годишниот извештај за работа за претходната година на Агенцијата и годишната сметка.

Годишниот извештај за работата на Агенцијата за пошти  за 2021 година, содржи шест поглавја.

Првото поглавје ја опфаќа регулацијата на поштенскиот пазар, лиценцирањето, постапките по нотификации, издавање, одземање и ревидирање на општи овластувања за обезбедување на поштенски услуги, управни постапки, судски постапки како и реализираните надзори над спроведување на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

Второто поглавје се однесува на активностите кои биле насочени кон заштита на правата на корисниците на поштенските услуги, давајќи информации за претставките и управните приговори во Агенцијата поднесени од страна на корисниците.

Третото поглавје дава приказ на активностите на давателите на поштенски услуги, обемот на поштенскиот пазар во Република Северна Македонија, квалитетот на обезбедувањето на универзалната услуга и податоци за капацитетот на поштенската мрежа, како и на резултатите од истражувањето на потребите на корисниците на универзалната услуга.

Четвртото поглавје се однесува на јакнење на институционалните капацитети, човечките ресурси, реализацијата на Годишниот план за обуки, Годишниот план за вработување и оценувањето на административните службеници.

Петтото поглавје ја опфаќа домашната и меѓународната соработка на Агенцијата.

Шестото поглавје го презентира Извештајот за состојбата на компензацискиот фонд за финансирање на универзалната услуга, го прикажува следењето и контролата на процесот на воведување на систем за посебно сметководство и алокација на трошоците и приходите на давателот на универзалната услуга и спроведените јавни набавки.

Во ова поглавје се содржани и финансиските извештаи за 2021 година, Завршната сметка и Ревизорскиот извештај спроведен од страна на независен, надворешен ревизор.

Согласно Ревизорскиот извештај, финансиските извештаи даваат вистинска и објективна слика на финансиската состојба на Агенцијата за пошти-Скопје, заклучно со 31 декември 2021 година, како и на нејзината финансиска успешност за годината којашто завршува тогаш, во согласност со сметководствените стандарди кои се применуваат во Република  Северна Македонија за непрофитни организации.

Согласно финансиските извештаи за 2021 година, Агенцијата има остварено приходи во вкупен износ од 24.383.861 денари, вкупни расходи во износ од 22.308.316 денари и останати расположливи средства во износ од 2.075.545 денари.

Финансискиот извештај за 2021 година содржи структурна анализа на планираните приходи и расходи во 2021 година и остварени приходи и расходи во истата година, како и споредбени показатели со реализираните приходи и расходи во 2020 година.

Согласно горенаведеното Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по Годишниот извештај за работата на Агенцијата за пошти за 2021 година.

**<u>Точка 59</u>**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во 2021 година и притоа го утврди следново мислење:

Согласно, Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управната постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на Република Македонија“ бр. 51/11, 148/13, 41/14, 53/16 и 11/18), Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен е државен орган со својство на правно лице, кој е самостоен во своето работење.
Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, согласно член 6 од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управната постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на Република Македонија“ број. 51/11, 148/13, 41/14, 53/16 и 11/18), за своето работење поднесува годишен извештај до Собранието на Република Северна Македонија до крајот на март во тековната година за претходната година.
Извештајот содржи податоци согласно законските надлежности, односно број на примени предмети, број на решени предмети (отфрлени, одбиени и прифатени жалби), број на нерешени предмети, број на предмети за кои е покренат управен спор (одбиени и прифатени предмети) и статистичка анализа на постапките на правна заштита.
Исто така, Извештајот содржи прилог на внатрешна организација на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен и нејзината кадровска структура по поставеност и ефикасност, активности за подобрување на квалитетот во работата, како и препорака за зголемување на ефикасноста во работењето на Комисијата и унапредувањето на постапувањето во управните постапки.
Со Извештајот од една страна е претставена општа статистика на предметите на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, согласно членот 6 став 3 од предметниот закон, а исто така дадени се и статистички податоци на предметите оформени според области.
Вкупниот број на предмети по кои постапила Државната комисија во 2021 година е 6656, од кои решени се 6342 предмети и 314 предмети се административно пратени на доуредување до надлежен орган.

Во 2021 година во Државната комисија, примени се вкупно 5242 предмети од кои, решени се 4605 предмети и 246 предмети се административно пратени на доуредување до надлежен орган или Државната комисија постапила по вкупно 4851 предмети примени и оформени во 2021 година. Од примените предмети во 2021 година останеле вкупно 391 предмети по кои Државната комисија не постапила до 31.12.2021 година (или вкупно со административните дописи во Државната комисија останале вкупно 637 нерешени предмети).

Покрај по предметите примени и оформени во 2021 година, Државната комисија во текот на 2021 година има постапено и по вкупно 1805 предмети примени и оформени во претходните години, од кои решени се 1737 предмети, односно за истите донела конкретен управен акт — Решение/Одлука, додека 68 предмети биле пратени на административно доуредување до надлежен орган.

Државната комисија од вкупниот број на решени предмети ги донела следните одлуки: во 2090 предмети ја уважила жалбата на жалителот, го поништила првостепеното решение и предметот го вратила на повторно разгледување и одлучување (од примените во 2021 година 1509, додека од претходните години 581), во 3236 предмети ја одбила жалбата како неоснована (од примените во 2021 година 2501, додека од претходните години 735), во 243 предмети ја отфрлила жалбата како ненавремена, недопуштена или изјавена од неовластено лице (од примените во 2021 година 163 додека од претходните години 80), во 99 предмети ја запрела постапката по изјавената жалба (од примените во 2021 година 54, додека од претходните години 45), во 138 предмети го поништила првостепеното решение и самата го решила предметот, односно го огласила за ништовно решението (мериторни одлуки) (од примените во 2021 година 126 предмети додека од претходните години 12), 241 предмети се пратени на натамошно постапување на надлежен орган (од примените во 2021 година 201, додека од претходните години 75), 63 предмети се затворени со службена белешка (од примените во 2021 година 48, додека од претходните години 15), во 197 предмети Државната комисија донела решенија по донесени пресуди од Управниот суд, кои ги примила Државната комисија во 2021 година (од примените во 2021 година 3, додека од претходните години 194), за 314 предмети се поднесени административни барања, преку кои на првостепениот орган се укажува на претходно утврдени недостатоци и истите да ги отстрани, како и да ги достави бараните докази и списи со цел да се докомплетира предметот како би можела Државната комисија да постапува по истиот (од примените во 2021 година 246, додека од претходните години 68).

Од вкупниот број на донесени 6342 донесени решенија по предмети решени во 2021 година, на Државната комисија, против кои може да се поведен управен спор, поведени се 260 управни спорови, односно само 5 % што укажува на високата доверба во одлуките на Државната комисија, како и на позитивното влијание на Државната комисија во намалувањето на приливот на предмети во Управниот суд.

Од 260 поведени управни спорови против решенија на Државната комисија за предмети оформени во 2021 година, до Државната комисија се доставени 40 пресуди, а не се доставени 220.

Од доставените 40 пресуди на Управниот суд, донесени по тужби изјавени против решенија донесени по предмети оформени во 2021 година, кои се доставени до Државната комисија, во 12 одбиена тужбата како неоснована и е потврдена одлуката на Државната комисија, во 16 е отфрлена тужбата, во 10 е уважената тужбата на тужителот и предметот е вратен на повторно рагледување и одлучување до Државната комисија и за 2 е запрена постапката.

Од доставените 469 одлуки (пресуди или решенија) на Управниот, односно Вишиот управен суд со кои одлуки се оспорени решенија на Државната комисија за предмети од претходните години, во 268 е одбиена тужбата како неоснована и е потврдена одлуката на Државната комисија, во 28 е отфрлена тужбата, во 14 запрена постапката, додека во 156 е уважена тужбата на тужителот и предметот е вратен на повторно разгледување и одлучување до Државната комисија. Од вкупно 166 одлуки на Управниот, односно Вишиот управен суд, со кои одлуки тужбата/жалбата е уважена, а оспореното Решение на Државната комисија поништено и предметот вратен на повторно

разгледување и одлучување по жалбата, 43 одлуки се донесени во отсуство на списи, додека 123 одлуки се донесени со списи.

Согласно погоре изнесеното, Владата на Република Северна Македонија, нема забелешки во однос на Годишниот извештај за работата на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во 2021 година.

**Точка 60**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Агенцијата за администрација за 2021 година и притоа го утврди следното мислење:

Агенцијата за администрација, согласно член 13 став 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20 и 215/21), за своето работење поднесува годишен извештај до Собранието на Република Северна Македонија до крајот на март во тековната година за претходната година.
Годишниот извештај за работата на Агенцијата за администрација за 2021 година е доставен согласно законскиот рок, односно на 31.3.2022 година до Собранието на Република Северна Македонија.
Извештајот содржи податоци согласно законските надлежности, односно објавување на огласи за вработување на административни службеници, организација на постапки за селекција на административни службеници, постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, спроведување на испитот за административен службеник и испитот за административно управување, водење на евиденција на кандидати кои доставиле лажни докази во пријавата за вработување и други работи утврдени со закон.
Во текот на 2021 година Агенцијата за администрација врз основа на објавени огласи за вработување на административните службеници вкупно обработиле 843 барања на јавен оглас, за кои согласно закон биле објавени вкупно 784 јавни огласи. Од вкупниот број објавени јавни огласи, 7 јавни огласи биле повторени по поднесени барања за повторување на јавен оглас согласно закон. Од огласите 55 барања за објавување на јавен оглас не биле објавени, од кои 26 биле запрени со решение за запирање на постапката по барање на институцијата, 19 биле запрени со решение за запирање на постапката согласно Законот за општа управна постапка, а 10 биле одбиени поради недостатоци во самите барања. Согласно Уредбата за спроведување на постапката за вработување на административните службеници во 2021 година биле креирани вкупно 6.120 кориснички профили од кои 5.099 биле активни, а 1021 неактивни.
За вкупниот број на јавни огласи 784 по поднесени барања во 2021 година, административна селекција била спроведена за 749 јавни огласи, за останатите 35 јавни огласи не била спроведена административна селекција од причина што биле запрени барањата на институцијата пред спроведување на административната селекција. Од спроведените 749 селекции обработени биле пријави на 16.834 кандидати од кои 7.511 биле уредни, а 9.323 неуредни.
Во текот на 2021 година, Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници, одлучила по поднесени 377 жалби/приговори. Од аспект на статусот на административните службеници 288 жалби/приговори биле поднесени од државни службеници, а 89 жалби/приговори од јавни службеници.
По спроведените 749 административни селекции, биле спроведени 630 испити за административни службеници. За останатите 119 јавни огласи не бил спроведен испит за административен службеник затоа што: 77 јавни огласи биле запрени на барање на

институцијата пред спроведување на истите и за 42 јавни огласи немало кандидати кои се квалификувале за оваа фаза.
Проверките на веродостојноста на доказите ги вршат комисиите за селекција за вработување, за проверка на веродостојност на докази и интервју. По спроведените 630 испити за административен службеник, проверка на веродостојност на доказите и интервју била спроведена за 603 јавни огласи. За 27 јавни огласи не била спроведена проверка на веродостојност на доказите и интервју, бидејќи, 24 јавни огласи биле запрени на барање на институцијата пред спроведување на проверка на веродостојност на докази и интервју и за 3 јавни огласи немало кандидати кои се квалификувале за таа фаза. За проверка на веродостојност на докази биле повикани вкупно 2.431 кандидат, од нив, 2.348 кандидати се појавиле и успешно ја поминале проверката и со истите било спроведено интервју. Останатите 83 кандидати не се појавиле на проверка на веродостојност на докази, односно не ја поминале проверката на веродостојност на докази.
Во член 14 став 1 точка 7, со кој се регулирани и други работи утврдени со закон, во делот од Годишниот извештај кој се однесува на оваа точка е наведено следното:
Во однос на надлежноста утврдена во членот 18 став (2) од Законот за административни службеници, во текот на 2021 година до Агенцијата биле поднесени две барања за објавување на јавни огласи и спроведување на постапки по истите за вработени во јавниот сектор кои немале статус на административни службеници. Агенцијата во 2021 година објавила два јавни огласи кои биле за потребите на една иста институција, за вкупно 9 работни места за 9 извршители. На овие два јавни огласи биле поднесени 40 апликации, од кои 28 уредни и 12 неуредни апликации. Во 2021 година на интернет-страницата на Агенцијата биле објавени вкупно 273 интерни огласи.
Објавените 273 интерни огласи за унапредување биле за 723 работни места, за 740 извршители.
Во 2021 година вкупниот буџет на Агенцијата изнесувал 43.042.000,00 денари. Од вкупниот износ на одобрени средства на основниот буџет најголем дел, односно 73,21% биле наменети за плати и надоместоци, 18,39% за стоки и услуги, 0,79% за субвенции и трансфери 7,61% за капитални расходи.
Во 2021 година буџетот на самофинансирачки активности изнесувал 135.000,00 денари, реализираните приходи по овој основ изнесувале 6.200,00 денари.
Во однос на заклучоците и препораките, Владата на Република Северна Македонија-Министерството за информатичко општество и администрација ќе биде во комуникација со Агенцијата за администрација и во иднина ќе се организираат заеднички работни средби.
Тргнувајќи од ова, Владата на Република Северна Македонија, нема забелешки по Годишниот извештај за работата на Агенцијата за администрација за 2021 година.

## Точка 61

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Инспекцискиот совет за 2021 година и притоа го утврди следново мислење:

Во однос на наведената нереализирана активност од Акцискиот план за спроведување на Годишниот план за работа на Советот во 2021 година, Активност број 1-Предавање на управувањето со системот за автоматизација на инспекциската постапка и инспекциското работење Е-инспектор, процесот е во финална фаза да се реализира од страна на Министерството за информатичко општество и администрација.

Точка III.3.9 Иницијатива за утврдување на дисциплинска одговорност од страна на инспектор од Годишен извештај за работата на Инспекцискиот совет за 2021 година, се потенцира член 78 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и

„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 14/20 и 215/21), во смисла на дефинирање на застареноста на поведување на дисциплинска постапка и проблематиката со која се соочува Советот во пракса, Министерството за информатичко општество и администрација работи на финализирање на законите кои се објавени на ЕНЕР во септември 2021 година и согласно Годишната програма на Владата на Република Северна Македонија истите ќе бидат доставени до Владата во јуни 2022 година.

Точка III.4.3. Соработка со Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, во врска со Анализата за кадровската екипираност на инспекциските служби во Република Северна Македонија, со План за доекипирање за периодот 2022-2023 година, каде што Владата на Република Северна Македонија ги задолжува Министерството за финансии, Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците со највисок приоритет да ги разгледаат и одобрат годишните планови за вработување на инспекциските служби за 2021 година, Министерството за информатичко општество и администрација веќе има постапено по истото и доставено Мислење до Влада на Република Северна Македонија, со арх. број 15-905/2 од 8.3.2022 година, во кое што се даваат конкретни насоки и се апелира да се земат предвид законските одредби од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/19 и 14/20) во однос на горенаведеното.

Во однос на другите точки од Годишниот извештај за работата на Инспекцискиот совет за 2021 година, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки.

**Точка 62**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сихана Зибери- Шабани од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист број 2006 за КО Горно и Долно Оризари на КП број 438 викано место/улица Поле и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 63**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Љупчо Јорданов од Радовиш, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист број 2049 за КО Ињево на КП број 7555, викано место/улица Ињево и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 64**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Љупчо Јорданов од Радовиш, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист број 83822 за КО Радовиш на КП бр.4288/8 викано место/улица Булевар Александар Македонски и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 65**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Љупчо Јорданов од Радовиш, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.750, за КО Раклиш, на КП бр.5093, викано место/улица Село и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 66**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Симон Зафироски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.44512 за КО Гази Баба, КП бр.1536 на викано место/улица ул.513 и ја прифати Понудата имајќи го предвид Мислењето на Министерството за труд и социјална политика.

**Точка 67**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Симона Николиќ од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.1850 за КО Ѓорче Петров 4-Влае на КП број 7191 викано место/улица Вангел Дину, Имотен лист бр.3206 за Ѓорче Петров 4-Влае на КП бр.7183 викано место/улица Корушка и Имотен лист бр.104140 за КО Ѓорче Петров 4-Влае на КП бр.7192/3 викано место/улица Вангел Дину и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 68**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Надица Чаушевска-Заева од Струмица, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист број 1070 за КО Градско Балдовци, на КП број 581, викано место/улица Село и по Понудата ги усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски и Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 69**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ванчо Андоновски од Скопје, за размена на недвижен имот запишан во Имотен лист број 92957 за КО Ѓорче Петров-6 на КП број 9092/2 викано место/улица Мице Козара 28 и Имотен лист број 92958 за КО Ѓорче Петров-6, на КП број 9092/1 викано место/улица Ѓорче Петров и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 70**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Јасмина Карталова-Баснаркова од Тетово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.452 за КО Копачин Дол, на КП бр.1125 дел 2, викано место/улица Теќепе и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 71**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Татјана Миовска од Берово, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист број 8668 на КП бр. 3371, викано место /улица „11 Октомври" и Имотен лист број 3652 за КО Берово на КП бр. 2082 викано место/улица „М. Тито" и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 72**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Трајко Маркоски од Прилеп, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист број 2065 за КО Прилеп на КП број 20171 викано место/улица Б.Планина и по понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 73**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Армир Садики од Тетово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.103942 за КО Тетово 2, КП број 4829/1, викано место/улица град Тетово и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 74**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Лорија Ваневска од Куманово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.76602, за КО Куманово, на КП бр.20294/14 и КП бр.20294/15, викано место/улица Моша Пијаде и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 75**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1526, за КО Маџари, на КП бр.36, викано место/улица булевар Едвард Кардељ бр.24 и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 76**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1439, за КО Јурумлери, на КП бр.153/11 викано место/улица Динек и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 77**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Васко Блажевски од Скопје, доставен под И.бр.1809/18, за налог за извршување врз недвижен имот-земјоделско земјиште запишан во Имотен лист број 401 за КО Г. Коњари на КП бр. 1625 и КП бр. 1626 викано место/улица Под Село и по истото го усвои негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 78**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Андреја Буневски од Скопје, за Заклучок за усна јавна продажба, која ќе се одржи на 10 мај 2022 година, доставено под И.бр.2204/2018 и по истото го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 79**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Александар Кузмановски од Гостивар, за Заклучок за усна јавна продажба која ќе се одржи на 10.5.2022 година, доставено под И.бр.14/2018 и по истото го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

## Точка 80

Владата заклучи:

1. Го отповика Шукри Масурица од должноста неизвршен член на Одборот на директори на Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, поради истек на мандатот.

1.1 Го избра Шукри Масурица за неизвршен член на Одборот на директори на Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје .

2. Го разреши Мевљан Џемаили, од должноста заменик на директорот на КПУ Затвор Куманово со отворено одделение во Крива Паланка, поради истек на мандатот за кој е именуван.

3. Го именува Мевљан Џемаили, досегашен заменик на директорот на КПУ Затвор Куманово со отворено одделение во Крива Паланка, за вршител на должност заменик на директорот на КПУ Затвор Куманово со отворено одделение во Крива Паланка и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

4. Го избра Фестим Халили, досегашен вршител на должноста директор на Фондот за иновации и технолошки развој, за директор на Фондот за иновации и технолошки развој на предлог на Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

5. Го именува Александар Наумоски, досегашен вршител на должноста, претседател на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија, за претседател на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

6. Владата на Екрем Буњаки разрешен од должноста директор на Државниот инспекторат за техничка инспекција, орган во состав на Министерството за економија му утврди право да остварува плата по престанок на функцијата за време од 12 месеци, сметано од 19.4.2022 до 19.4.2023 година.

7. Владата на Фитим Лога му утврди престанок на правото да остварува плата по престанување на функцијата член на Инспекциски совет од областа на земјоделство, шумарство, ветеринарство и безбедност на храна заклучно, со 15.5.2022 година, на негово барање.

## Точка 81

**1.** Владата по повод одбележувањето на државниот празник 24 мај-Денот на сесловенските просветители „Св. Кирил и Методиј“, во Скопје, ги донесе следните заклучоци:

1) Делегацијата на Владата во состав д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, д-р Никола Тупанчевски, министер за правда и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, да положи цвеќе на споменикот на сесловенските просветители „Св. Кирил и Методиј“, во Скопје на платото пред Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“, Скопје на 20 мај 2022 година (петок), со почеток во 12 часот.

2) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди свежи цвеќиња (венци) за делегацијата знамиња, како и други неопходни ресурси за одбележување на празникот, според спецификацијата на Организацискиот одбор.

3) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, за одбележување на настанот, преку Одделението за протокол да ги достави свежите цвеќиња (венци) до локацијата и да обезбеди протоколарно лице кое ќе ја проследи делегацијата на локацијата.

4) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија преку Секторот за односи со јавност да организира тим од официјални фото и видео репортери и да подготви медиумски пакет за јавноста.

5) Се задолжува Министерството за одбрана/ Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија, да обезбеди опрема за положување на цвеќе (сталаци за венци, црвен тепих и знамиња) гардисти, како и фанфарист, според спецификацијата на Организацискиот одбор.

6) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ја обезбеди делегацијата и да преземе мерки за соодветно одбележување на настанот.

**2.** Владата по повод одбележувањето на државниот празник 24 мај „Св. Кирил и Методиј“-Ден на сесловенските просветители, во Рим, Република Италија, ги донесе следните заклучоци:

1) Го определи составот на делегациите и тоа:

1.1) Владина делегација 1+10 (аудиенција, средби во Ватикан-дозволениот број од десет членови важи за сите делегации при папска аудиенција), предводена од претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски и во состав:
- Тамара Ковачевска, ќерка на претседателот на Владата на Република Северна Македонија;
- д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи;
- Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи;
- доц. д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура;
- Мартин Попов, шеф на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија;
- Даријан Сотировски, директор на Комисијата за односи со верски заедници и религиозни групи;
- Пимен Илиевски, митрополит;
- Јосиф Тодоровски, митрополит;
- Зоран Стојанов, декан при Струмичко-скопската епархија на Католичката црква и
- Никола Јанкуловски, ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

1.2) Придружна делегација:

- Ана Андреевска, секретар за комуникации;
- Едмонд Адеми, советник за надворешна политика;
- Елена Ласло, протокол;
- Санде Смиљанов, протокол;
- Наташа Сарџоска, официјален преведувач;

- Ирена Смиљанска, Сектор за односи со јавност во Владата на Република Северна Македонија;
- Зоран Перчаковски, обезбедување на претседателот на Владата на Република Северна Македонија;
- Ирфан Мустафи, обезбедување на претседателот на Владата на Република Северна Македонија;
- Дамјан Чунихин, камерман на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и
- Мартин Маневски, фотограф на претседателот на Владата на Република Северна Македонија;

2) Секој член од официјалната делегација си ги покрива трошоците за сместување и за превоз од Буџетот на институцијата од која доаѓа.

3) Трошоците за хотелско сместување и превоз, односно авионски карти за претставниците на медиумите ќе бидат покриени од Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

4) Трошоците за хотелско сместување и превоз, односно авионски карти за претставниците на Македонската православна црква ќе бидат покриени од Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

5) Се задолжуваат Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ја дефинираат поделбата на трошоците за патувањето.

6) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди две црвени сатенски ленти за цветен аранжман.

7) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди соодветен подарок за владината делегација, предводена од претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски.

**3.** Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија, доставен до Собранието на Република Северна Македонија, со писмо бр.44-11520/1-20 од 26 јануари 2021 година.

**4.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест Ковид-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението, за период од 30 април до 6 мај 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**5.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република

Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест Ковид-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението, за период од 23 април до 29 април 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**6.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 28 април 2022 година до 4 мај 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**7.** Владата заклучи:

- Се задолжуваат Министерството за здравство и Министерството за финансии во најкраток можен рок да обезбедат финансиски средства во износ од 5.000.000,00 денари (претходно скратени од Програмата) за финализирање на јавната набавка на антиретровирусни лекови за терапии и профилакса за ХИВ инфекција и тестови за следење на ХИВ инфекција и по обезбедување на истите, Министерството за здравство да подготви и до Владата да достави соодветна Предлог-програма за изменување на Програмата за заштита на населението од ХИВ инфекција во Република Северна Македонија за 2022 година.

**8.** Владата по повод укажувањето на Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, а во врска со потребните деловни простории за Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, му укажа на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, деловниот простор којшто ѝ е потребен за Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој веднаш да го изземе од стопанисување и соодветно на тоа да донесе одлука на Управниот одбор на Друштвото и врз основа на истата на наредната седница на Владата да достави Предлог-одлука за изземање од стопанисување недвижни ствари на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**9.** По донесувањето на Одлуката за изземање од стопанисување недвижни ствари на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје од страна на Владата и нејзиното запишување во Агенцијата за катастар на недвижности во сопственост на Република Северна Македонија, Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје на втората наредна седница на Владата да достави Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари (потребниот деловен простор), без надомест на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

**10.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на подрачјето на Град Скопје заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија за период од 25 април 2022 година до 30 април 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**11.** По повод укажувањето на Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, за потребата од изнаоѓање на решение за шест лица од Министерството за внатрешни работи претходно распределени во Агенцијата за национална безбедност, а кои во меѓувреме не можеле да обезбедат безбедносен сертификат, Владата го задолжи Министерството за информатичко општество и администрација, да изнајде начин и соодветно на нивното образование да им понуди прераспоредување во друга институција.

**12.** По повод информирањето на Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, во врска со професионалните војници кои завршуваат со активности со наполнети 45 години, кои по истекувањето на нивниот ангажман во Министерството за одбрана треба да добијат распределба во други институции, Владата го задолжи Министерството за одбрана, во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација да формира работна група, со цел да изнајдат соодветен предлог за распределување на овие лица и во рок од две недели, да го достават до Владата.

**13.** По повод укажувањето на Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи за неподмирување на долгот од страна на Управата за извршување на санкциите кон Министерството за внатрешни работи, за асистенција и обезбедување на казено-поправните установи, Владата го задолжи директорот на Управата за извршување на санкциите, до 17 мај 2022 година (вторник), да изврши уплата на Министерството за внатрешни работи, по основ на долг, со цел подмирување на обврските.

**14.** Владата ја разгледа Информацијата во врска со Самитот на иницијативата „Отворен Балкан“ во Северна Македонија 2022 година, кој ќе се одржи во Охрид и ја усвои со следните заклучоци:

1) Се задолжуваат Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и Службата за општи и заеднички работи на Република Северна Македонија, во консултација и координација со Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и со националниот координатор за Отворен Балкан и за регионални иницијативи, да обезбедат хотелски капацитет во Охрид од највисока категорија за сместување на делегациите и учесниците и за одржување на работните сесии, да ги обезбедат потребните транспортни услуги за учесниците, да обезбедат ресторански услуги за работни вечери и ручеци за време на Самитот, да ја обезбедат потребната логистика за претставниците на медиумите, како и да ги обезбедат останатите организациски, логистички и прес активности за самитот на „Отворен Балкан“ 2022 година кој ќе се одржи во Охрид.

2) Се задолжуваат Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Службата за општи и заеднички работи и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да номинираат претставници кои активно ќе учествуваат во работните состаноци и во целокупниот процес за подготовка на настанот, во координација со Канцеларијата на претседателот на Владата на Република

Северна Македонија и со националниот координатор за Отворен Балкан и за регионални иницијативи.

3) Се задолжуваат Министерството за економија и Министерството за култура да ги интензивираат активностите за финализирање и усогласување на меморандумите и договорите за соработка во областите туризам и култура, соодветно, низ работни средби со своите колеги од Република Албанија и Република Србија и во координација со националната координаторка за регионална соработка и европски интеграции и со националниот координатор за Отворен Балкан и за регионални иницијативи, а со цел истите да бидат потпишани од страна на лидерите за време на Самитот во Охрид.

4) Се задолжуваат Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за финансии да обезбедат средства и соодветни постапки за надградба на системот за е-услуги со цел активирање на идентификацискиот број за граѓаните од земјите членки на Отворен Балкан, со цел активирање на оваа услуга за време на Самитот во Охрид и со цел имплементација на иницијативите за отстранување на работните дозволи и признавање на дипломите меѓу трите држави.

**15.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбите на пазарите на електрична енергија, за период од 3 мај 2022 година до 9 мај 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 82**

Владата ја разгледа Информацијата за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија во првиот квартал во 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 83**

Владата ја разгледа Информацијата за реализираните активности во 2021 година од Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2021-2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 84**

Владата ја разгледа Информацијата за предлог на нови рокови за реализација на мерките и активностите предвидени согласно Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси со Акциски план за нејзино спроведување (2021 - 2025), како материјал за информирање.

**Точка 85**

Владата ја разгледа Информацијата за квалитетот на воздухот во Република Северна Македонија за март 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 86**

Владата го разгледа Годишниот извештај за оценување на административни службеници во Република Северна Македонија за 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 87**

Владата ја разгледа Информацијата за статус на Договорот за финансиска поддршка бр. 12-7533/1 од 31.7.2018 година склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за трговија производство и услуги НТК-МАКС ДООЕЛ увоз-извоз Куманово, како материјал за информирање.

**Точка 88**

Владата ја разгледа Информацијата за статус на Договорот за финансиска поддршка бр. 10-7999/1 од 15.10.2019 година склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за управувачки дејности Еуроникел ДООЕЛ с.Возарци, Кавадарци, како материјал за информирање.

**Точка 89**

Владата ја разгледа Информацијата за статус на Договорот за финансиска поддршка бр. 12-7925/1 од 15.10.2019 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за компјутерско програмирање и консултантски услуги Инеллипсе ДООЕЛ Битола, како материјал за информирање.

**Точка 90**

Владата ја разгледа Информацијата за статус на Договорот за финансиска поддршка бр. 13-7591/1 од 31.7.2018 година и Анекс на Договор за финансиска поддршка бр. 13-7591/4 од 1.11.2018 година, склучени помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за трговија, производство и услуги Лукамик увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп, како материјал за информирање.

**Точка 91**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта, за периодот октомври-декември 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 92**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје, за периодот октомври-декември 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 93**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт А.Д.-Скопје, за периодот 1.10.2021-31.12.2021 година, со табеларни прикази, како материјал за информирање.

**Точка 94**

Владата ја разгледа Информацијата за продажбата на акциите и уделите од вкупниот капитал на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал во период од 1 јануари до 31 март 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 95**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Инспекцискиот совет за 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 96**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работа на Националниот координативен центар за гранично управување за 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 97**

Владата ја разгледа Информацијата за потреба од обезбедување на финансиски средства за физичко обезбедување на Археолошки локалитет Плаошник и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжуваат Министерството за култура, Управата за заштита на културното наследство и Министерството за финансии да изнајдат начин за обезбедување на финансиски средства за физичко обезбедување на Археолошки локалитет Плаошник.

**Точка 98**

Владата и го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на бројот на наставните денови во учебната 2021/2022 година во средните училишта во услови на вонредни околности, во предложениот текст.

**Точка 99**

Владата ја донесе Одлуката за престанување на важење на Одлуката за ограничување на извозот на масло од сончоглед, во предложениот текст.

**Точка 100**

Владата ја разгледа Информацијата за барање за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за поврат на средства кон Европска комисија заради затворање на салдо на девизна сметка за Националната програма ТАИБ 2013, со Предлог-одлука и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за барање за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за поврат на средства кон Европска комисија заради затворање на салдо на девизна сметка за Националната програма ТАИБ 2013.

2. Ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.

3. Се задолжува Секторот за централно финансирање и склучување договори при Министерството за финансии веднаш штом ќе се реализира повратот од грант корисникот, средствата да се уплатат во Буџетот на Република Северна Македонија.

**Точка 101**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „АЛТЕА“, во Босна и Херцеговина, ја

утврди и заклучи да ја достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог Собранието да ја донесе Одлуката.
За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Славјанка Петровска, министер за одбрана и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, а за повереник Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана.

**Точка 102**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Организацијата на обединетите нации „УНИФИЛ“, во Република Либан, ја утврди и заклучи да ја достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог Собранието да ја донесе Одлуката.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Славјанка Петровска, министер за одбрана и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, а за повереник Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана.

**Точки 103 и 104**

Владата ги одложи од разгледување Предлог-програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2022 година и Предлог-уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2022 година, поради потребата истите да се разгледаат на седницата на Генералниот колегиум на државни секретари, што ќе се одржи на 11 мај 2022 година (среда).

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:20 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Методија Димовски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Димитар Ковачевски**